**2011036872**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА - КФВ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ „НАВОДНУВАЊЕ НА ЈУЖНАТА ДОЛИНА НА РЕКАТА ВАРДАР - ФАЗА II“

Се прогласува Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КФВ по Договорот за заем за Проектот „Наводнување на јужната долина нареката Вардар - фаза II“,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 март 2011 година.

Бр. 07-1515/1
22 март 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА - КФВ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ „НАВОДНУВАЊЕ НА ЈУЖНАТА ДОЛИНА НА РЕКАТА ВАРДАР - ФАЗА II“

Член 1

Во Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КфВ по Договорот за заем за Проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар - фаза II“ („Службен весник на Република Македонија“ број 133/2009), во членот 3 ставот 3 се менува и гласи:

„Заемот ќе се отплаќа во полугодишни рати кои достасуваат за плаќање на 30 јуни и 30 декември, секоја година, започнувајќи од 30 јуни 2016 година, а завршувајќи на 30 јуни 2031 година.“

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.